ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Kontrolli i Lartë i Shtetit
Albanian Supreme Audit Institution

ZKA
ZYRA KOMBËTARE E AUDITIMIT
NACIONALNA KANCELARIJA REVIZIJE
NATIONAL AUDIT OFFICE

# РЕГИОНАЛНА КООПЕРАТИВНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРЕКУ НИВНА ИНКЛУЗИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД



Фото: UN Women

Sweden
Sverige

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

UN WOMEN

| | Северна Македонија | Косово* | Албанија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Број на одржани работни средби** | 2 | 1 | 2 | 5 |
| **Субјекти опфатени со ревизијата на централно ниво** | 7 | 3 | 1 | 11 |
| **Субјекти опфатени со ревизијата на локално ниво** | 0 | 0 | 13 | 13 |
| **Ревидирани субјекти** | 7 | 3 | 14 | 24 |
| **Закони** | 1 | 3 | 3 | 7 |
| **Стратегии** | 3 | 1 | 3 | 7 |
| **Програми** | 6 | 5 | 5 | 16 |
| **Ревизорски период** | 2019-2023 | 2019-2023 | 2019-2023 | 2019-2023 |
| **Ревизорски пристап** (ориентација на пристап) | Резултат на системот | Резултат на проблемот | Резултат на проблемот | |
| **Ревизорска цел** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Ревизорски области** | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **Ревизорски наоди** | 22 | 9 | 10 | 41 |
| **Ревизорски препораки** | 25 | 10 | 11 | 46 |
| **Ревизорски заклучок** | 1 | 11 | 11 | 23 |

*Сите референци за Косово се сфаќаат во контекст на Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244 (1999). За Европската Унија, оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на МСП за Косовската декларација за независност.




# ВОВЕД

Родовата нееднаквост помеѓу жените и мажите е особено нагласена во руралните средини. Жените од руралните средини се соочуваат со повеќе ограничувања отколку мажите во пристапот до клучните продуктивни ресурси, право на сопственост на имот, земјиште, опрема и пристап до финансии. Тие се соочуваат со дискриминација во поглед на нивното учество на пазарот на труд и надоместоците односно платите за нивниот работен ангажман, неплатената домашна работа, нискиот степен на вклучување во донесувањето на одлуки во семејството и слично.

Соочувајќи се со бројни предизвици, тие се движечка сила во производството на храна, зачувувањето на традицијата, борбата со климатските промени и одржливиот рурален развој.

Намалување на диспаритетот помеѓу урбаните и руралните средини, како и намалување на родовата нееднаквост проследено со создавање на услови за еднаков пристап до права, заштита од дискриминација, професионален напредок и економска стабилност на жените во руралните средини се само дел од идентификуваните приоритети кои треба да се постигнат за да се обезбеди подобар живот за жените во руралните средини.

Неопходност е јавните институции да ги зајакнат заложбите за елиминирање на дискриминацијата и пристапот до права за жените во руралните средини.

Жените од руралните средини и жените кои се активно вклучени во земјоделство до формално вработување и претприемништво проследено со подобрување на нивните можности за усогласување на работниот живот со семејните обврски.

Руралните жени се тие кои имаат значајна одговорност за производство на храна со посебен осврт на еколошката храна, опстојување на следните генерации и руралните средини, а се оставени без поддршка од чинителите во општеството.



Време е да го препознаеме значајниот придонес што тие го даваат за семејството, заедницата и државата и да се осигуриме дека ќе бидат поддржани и заштитени како рамноправни членови на општеството. Преку нивно социјално и економско јакнење ќе се создаде социјална благосостојба, економски развој, поквалитетен живот во руралните средини и одржливи заедници.

Фото: Freepik

Родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за обезбедување на просперитет на целото општество и е заложба на земјата која произлегува од Агендата 2030 година за одржлив развој, усвоена во септември 2015 година на Самитот на Обединетите нации за одржлив развој, со која се утврдени 17 цели и 169 под цели кои треба да се постигнат до 2030 година од сите земји во светот. И покрај тоа што родовата еднаквост се третира како хоризонтално прашање што треба да биде адресирано при остварување на Целите генерално, предвидена е и засебна цел 5, која е специфично насочена кон „Родова еднаквост". Оваа цел се стреми кон зајакнување на жените и девојчињата и остварување на нивниот целосен потенцијал, што неизбежно подразбира елиминација на сите форми на дискриминација врз основа на пол и родово базирано насилство. Дополнително, целта 5 настојува да овозможи унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жените и девојките, признавање на неплатената домашна работа и еднаков пристап до ресурси, како и еднакво учество со мажите во политичкиот, економскиот и во јавниот живот.

Имајќи ја предвид важноста и улогата на руралната жена за одржлив социоекономски развој на земјата, Врховните Ревизорски Институции на Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Косово, заеднички спроведоа кооперативна ревизија на успешност, во која Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија е координатор согласно активностите предвидени во склучениот договор. Оваа ревизија се спроведе со поддршка на Агенцијата на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените „UN Women"

Целта на ревизијата е да се утврди дали се развиени мерки, политики за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Врховните ревизорски институции подготвија национални ревизорски извештаи врз основа на кои се изготвени кратки резимеа во кои се утврдени клучните состојби, препораки и заклучоци за секоја држава поединечно.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бројот на жителите во селата во Република Северна Македонија опаѓа, депопулацијата и ограничените можности на жителите на руралните средини се евидентни секој ден, а улогата на руралната жена за опстанување на селата и руралните области останува невидлива и непрепознатлива за пошироката јавност.

Жените од руралните средини даваат значителен придонес за развој на руралните заедници во сите региони, а сепак се соочуваат со повеќе ограничувања отколку мажите во пристапот до клучните продуктивни ресурси, како што е земјата и услугите, потоа пристапот до финансии, право на сопственост на имот, земјиште или опрема и помагала од една страна и условите за живот од друга страна. Тие се соочуваат со дискриминација во поглед на нивното учество на пазарот на труд и надоместоците односно платите за нивниот работен ангажман, неплатената домашна работа, нискиот степен на вклучување во донесувањето на одлуки во семејството и др.

Состојбата со вработените во државата според економскиот статус и полот, урбан и рурален дел[1].

**ГРАФИКОН 1:**
**Преглед на вработени според економскиот статус и полот, урбан и рурален дел за 2022 година**




Според податоците од Државниот завод за статистика за состојбата на вработените во државата според економскиот статус и полот, урбан и рурален дел може да се забележи дека жените од руралните средини се најмалку вработени, работодавци и вработени за сопствена сметка во однос на останатите категории, додека најмногу доминираат во групата на неплатен семеен работник.

Имајќи ја предвид важноста и улогата на руралната жена за одржлив социоекономски развој на земјата, Државниот завод за ревизија согласно Годишната програма за работа за 2023 година спроведе ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“.

[1] Извор на податоци Државен завод за статистика.

# ЦЕЛ, ОПФАТ И РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

## ЦЕЛ НА РЕВИЗИЈАТА

Да дадеме одговор на главното ревизорско прашање:

**„Дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини?“.**

## ОПФАТ НА РЕВИЗИЈАТА

Утврдивме ризици во три области и тоа:

- создадени услови за обезбедување на родова еднаквост на жените во руралните средини и нивно вклучување на пазарот на труд
- имплементирани мерки за стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работи места
- инвестиции за подобрување на јавните услуги во руралните средини со цел родовата еднаквост и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

## ПЕРИОД ОПФАТЕН СО РЕВИЗИЈАТА

Преземените мерки и активности во периодот од 2019 година до 2022 година, а одредени прашања и настани се опфатени претходно и последователно до денот на известување за ревизијата.

## РЕВИДИРАНИ СУБЈЕКТИ

Владата, Министерството за труд и социјална политика и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Агенција за вработување, Национална федерација на фармери и Државниот завод за статистика за обезбедување на статистички податоци.

## РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

- Пристап ориентиран кон системи
- Пристап ориентиран кон резултатите

## ШТО АНАЛИЗИРАВМЕ?

Стратешка и правна рамка што ја опфативме со ревизијата:

- Закон за земјоделство и рурален развој;
- Стратегија за родова еднаквост за периодот 2013 – 2020 и за 2022 – 2027 година;
- Национална стратегија за вработување за периодот 2016 – 2020 година и за 2021 – 2027 година;
- Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2014 – 2020 и за 2021 – 2027 година;
- Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2014 - 2020 и за 2018 - 2022 година Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој за периодот 2018 – 2022 година – Мерки: Активен женски член во земјоделското домаќинство, Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, Обнова и развој на селата, Зачувување и унапредување на традиционалните вредност на руралните средини.
- Годишни оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд 2019 - 2022 година;
- Програма за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година;
- Проект 50 села 50 приказни;
- ИПАРД Програма – Мерка Диверзификација на фарми и развој на бизниси.
- Годишни програми за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита и за социјална заштита и домови за стари лица 2019 - 2022 година.

# КЛУЧНИ НАОДИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Спроведените ревизорски активности и обезбедените ревизорски докази овозможија да го изразиме следниот заклучок:

- Мерките и активностите за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд кои се преземаат од страна на надлежните државни институции не се доволно ефикасни и ефективни со цел вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд и задржување во руралните средини;
- Во Националните стратегии за вработување и акциските планови не се предвидени посебни цели, индикатори, мерки и активности прилагодени за потребите на жените од руралните средини за нивно вклучување на пазарот на труд. Жените од руралните средини и нивното вклучување на пазарот на труд, не се дел од стратешките приоритети и цели на Владата;
- Податоците за реализација на Оперативните планови за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот не содржат податоци за корисници на мерки разделени по рурални и урбани средини, поради што не може да се утврди учеството на жените од руралните средини во овие програми и мерки;
- Мерките за вработување и обуки кои се реализирани во периодот се општи, наменети се за сите мажи и жени во државата, но во нив не е вклучена родовата перспектива и не се прилагодени на потребите и специфичностите на жените во руралните средини;
- Инвестирањето во објекти за згрижување на деца од предучилишна возраст во руралните средини претставува добра основа за задржување на младата популација во руралните средини, но утврдивме дека не е изработена сеопфатна анализа за потребата по рурални средини, временски рокови, надлежни институции и потребни финансиски средства;
- Во државата постојат пет јавни установи за сместување на стари лица и истите се лоцирани во градски средини. Стратегијата за родова еднаквост 2021 - 2027 година во целта подобрен квалитетот на работа на жените предвиден е индикатор - изградба на домови за стари лица во руралните средини, но не се предвидени активности за постигнување на целта, односно не е утврдено во колку и во кои рурални средини ќе се градат домови;
- Не е акредитирана мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата, поради недостиг на капацитети во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, која мерка треба да придонесе за подобрување на инфраструктурата во руралната средина и услови за вклучување на жените и девојчињата во образованието и пазарот на труд како и здравствени услуги;
- Во 2019 година за прв пат била воведена родово одговорна мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство, а во 2022 година бил објавен и вториот јавен повик. Утврдивме дека во 2022 година поднесени биле 66% помалку барања за финансиска поддршка во однос на 2019 година а ставовите и перцепциите на жените се дека задоцнетите исплати на средствата за мерката од првиот повик влијаело на намалување на бројот на жени кои не поднеле барање во вториот повик;
- Во 2023 година донесена е Програма за користење на неповратна финансиска поддршка за жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус осигуреник индивидуален земјоделец, со која се стекнуваат со правото на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, со што придонесува кон социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност;

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема спроведено анализа за ефектот од спроведувањето на Мерката 112 - Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, односно нејзиното влијание во зајакнување, зголемувањето на бројот на млади земјоделци кои започнале со земјоделска дејност и нивниот статус од родов аспект;
- Не се донесени посебни законски решенија за поддршка на речиси целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација во Република Северна Македонија кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија на државата (до 4%). Согласно податоците од државниот завод за статистика во државата 205 населени места се без ниту еден жител, а 218 населени места се со помалку од 10 жители.


Фото: UN Women

Во насока на надминување на утврдените состојби дадовме препораки до одговорните лица на институциите.

Укажуваме на потребата од дизајнирање на директни мерки за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, со кои ќе се овозможи вклучување на жените во руралните средини на пазарот на труд, нивно вклучување на национално и локално ниво при креирање и дизајнирање на мерки, вршење на евалуација и следење на ефектот на мерките како и утврдување на потребата од интервенции во истите.

„Стереотипите и дискриминацијата мора да бидат елиминирани, извршната и законодавната власт мора да обезбедат услови за непречено вклучување на руралната жена на пазарот на труд.

Таа сака, може и знае како да ја осигура својата иднина, да стане успешен претприемач, да изгради подобро утре за себе, своето семејство и за целокупниот општествен напредок“.

Продолжување со тековните програми и проекти кои можат да придонесат за подобрување на состојбите на жените од руралните средини.

Потребно е зголемување на бројот на установи за згрижување и воспитание на деца и домови за стари лица како еден од најважните предуслови за да можат жените од руралните средини да се вклучат на пазарот на труд, како и подобрување на јавните услуги за жените од руралните средини (здравствени, социјални, културни, јавни услуги итн.) кои се неопходни за задржување на населението во руралните средини и обезбедување услови за квалитетен живот.

Со имплементација на дадените препораки се очекува да се даде придонес во подобрување на процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, и нивно зајакнување, да се подобрат и отстранат утврдените слабости, недостатоци во организацијата и функционирањето на надлежните институции, со цел подобрување на целокупниот процес во сите институции.

# ВРХОВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА АЛБАНИЈА

Официјалните податоци од Националната агенција за вработување и вештини (НЕСА) покажува дека нивото на невработеност е повисоко кај жените, луѓето кои живеат во руралните средини и луѓето со пониско образование.

**ГРАФИКОН 2:**

**Податоци за вработување на жени**




Според овие податоци и други отворени податоци поврзани со оваа тема и во согласност со Годишниот работен план, Врховната ревизорска институција на Албанија изврши ревизија на успешност на тема **„Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“.**

Ревизијата на успешност имаше за цел евалуација на ефективноста на националните политики за вработување на жените во руралните области преку анализа на:

- Националните програми за унапредување на вработувањето, доколку се диверзифицирани и приспособени на одредени региони, на родова основа;
- Услови кои го олеснуваат вработувањето на жените од руралните средини, како што се инвестиции во јавни услуги, јасли и градинки или превоз од руралните области до централните региони;
- Соработка и координација меѓу единиците на локалната самоуправа и Националната агенција за вработување и вештини за вработување на жени, вклучително и жени во руралните средини.

За да се направи проценка на националните политики за вработување на жените во руралните средини ги ревидиравме институциите на централно и локално ниво.

# ЦЕЛ, ОПФАТ И РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

## ЦЕЛ НА РЕВИЗИЈАТА

Да се процени дали националните политики за вработување вклучуваат вработување на жени во руралните средини.

## ПЕРИОД ОПФАТЕН СО РЕВИЗИЈАТА

2019 – 2023 година

## РЕВИДИРАНИ СУБЈЕКТИ

- Институција на централно ниво:
  - Национална агенција за вработување и вештини
- Институции на локално ниво:
  - 13 единици на локална самоуправа (Скодар, Кукс, Лежа, Дибр, Круја, Елбасан, Каваје, Дивјаке, Лушње, Берат, Поградец, Валона, Ѓирокастер).

## РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

- Пристап ориентиран кон проблеми (пристап за ревизија базиран на ризик)
- Пристап ориентиран кон резултати

## ПРАВНА РАМКА КОЈА ЈА КОРИСТЕВМЕ КАКО ИЗВОР НА КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Национална стратегија за вработување и вештини 2019-2022 година;
- Меѓусекторска стратегија за децентрализација и локално управување 2015-2020 година;
- Национална стратегија за родова еднаквост 2016-2020/2021-2030;
- Закон „За локална самоуправа“, одобрен во 2015 година;
- Закон „За унапредување на вработувањето“, одобрен во 2019 година;
- Закон „За финансии на локалната самоуправа“, одобрен во 2017 година;
- Програми за вработување, одобрени во 2020 година.

## ОПФАТ НА РЕВИЗИЈАТА

- Програми за унапредување на вработувањето;
- Инвестиции од централната и локалната власт во подобрување на инфраструктурата за поддршка на вработувањето на руралните жени;
- Соработка меѓу централните институции и локалната власт за да се придонесе за вработување на жените во руралните средини;
- Следење на спроведувањето на политиките за вработување.



Фото: UN Women

**13** ревидирани општини

**116** административни единици

**18** административни единици имаат јасли

**108** административни единици имаат градинки

# КЛУЧНИ НАОДИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

На крајот од ревизијата, по извршената анализа на сите собрани податоци и по добивањето на коментари од субјектите кои се предмет на ревизија, ревизорскиот тим ги утврди следните наоди, заклучоци и препораки на ревизијата:

- Програмите за унапредување на вработувањето што ги спроведува Националната агенција за вработување и вештини (НЕСА) за периодот 2020 - 2023 година се општи и не се фокусирани на жените како специфична група. Исто така, тие немаат никакви цели поврзани со жените во руралните области. Програмите за вработување се планира да се спроведуваат низ целата земја, но не е видливо колку тие би биле применливи во руралните средини.
- Има повеќе регистрирани невработени баратели на работа во руралните средини отколку во урбаните средини. Соодносот на невработеност на жените регистрирани во руралните средини е 53,6 % од вкупниот број, а 7,4 % од нив се глава на семејство.
- Сите ревидирани општини не обезбедуваат правична распределба на јасли и градинки меѓу руралните и урбаните средини, што најмногу укажува на недостаток на јасли.
- Услугите за вработување што ги обезбедува Националната агенција за вработување и вештини (НЕСА) не се целосно координирани со единиците на локалната самоуправа. Комуникацијата и соработката меѓу централните и локалните институции не ги идентификува генерално потребите на жените и посебно на руралните жени.
- Иако НЕСА периодично го следи спроведувањето на активностите за постигнување на целите во Националната стратегија за вработување и вештини 2019 - 2022 година, не е констатирано како резултатите од мониторингот се конкретно искористени за подобрување на политиките за вработување или кои се конкретните подобрувања што се направени во однос на резултатите од мониторингот.
- Пристапот на жените до пазарот на труд и достоинствена работа се многу важни елементи за поддршка на економското зајакнување, но податоците поврзани со програмите за поттикнување на вработувањето не покажуваат никакви мерки за вработување на жените од руралните средини.
- Во моментов, иако постои соработка меѓу Националната агенција за вработување и вештини и општините, не можеме да кажеме дека се нудат ефективни услуги за оние кои бараат работа, вклучително и руралните жени. Размената на информации меѓу централните институции и единиците на локалната самоуправа не ги решава проблемите што ги спречуваат руралните жени да бидат дел од пазарот на труд.
- Националната агенција за вработување и вештини треба да се фокусира на реалните потреби на жените во руралните средини за да обезбеди услуги од програмите за вработување, услуги за обука и пазарни информативни системи.
- Единиците на локалната самоуправа, во согласност со нивните регионални стратегии за развој на руралните средини, треба да преземат мерки за проценка на потребите од јасли и градинки на нивната територија и потоа да изготват конкретни инвестициски планови.
- Националната агенција за вработување и вештини во соработка со единиците на локалната самоуправа треба да преземе мерки за идентификување на потребите на руралните жени со цел да се зголеми нивното учество на пазарот на труд, како и да планира средства за финансирање на програми за унапредување на нивното вработување.
- Националната агенција за вработување и вештини треба да ги анализира резултатите од мониторингот на Националната стратегија за вработување и да преземе конкретни активности кои ќе ги адресираат проблемите посочени со резултатите од мониторингот.

# НАЦИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА

Повеќе од две децении, Косово се соочува со високи стапки на невработеност во руралните средини, каде што жените се особено погодени. Со цел да се постигне намалување на невработеноста во овие области и подобрување на животот на жените, Владата предвиде грантови кои се распределуваат преку програмите за развој на земјоделството. За да се процени влијанието на овие грантови, Националната ревизорска канцеларија на Косово спроведе ревизија на успешност, обезбедувајќи сеопфатна анализа на достигнувањата, предизвиците и пречките со кои се соочуваат жените од руралните средини во работната сила на Косово. Овој извештај има за цел да ги зајакне жените од руралните средини во Косово и да ја зголеми нивната вклученост на пазарот на труд.

## ПРЕДМЕТ НА РЕВИЗИЈА

Националната канцеларија за ревизија спроведе ревизија на успешност „Родова еднаквост и зајакнување на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд “.

Ревизијата на успешност беше спроведена за да се оцени ефективноста и влијанието на политиките, програмите и мерките насочени кон унапредување на вклученоста на жените од руралните средини на пазарот на труд, со фокус на утврдување можности за подобрување.

Ревизијата на успешност ги опфати следните субјекти: Министерство за земјоделство, шумарство и рурален развој, Агенцијата за развој на земјоделството, како и Агенцијата за вработување, главно фокусирајќи се на Програмата за земјоделство и рурален развој, имено следните две мерки:

### МЕРКА 1

Инвестиции во физички средства во земјоделската економија - се фокусира на поддршка на инвестиции во сектори како што се преработка на овошје и зеленчук, млечни производи, месо, лозја и живинарски производи

### МЕРКА 2

Диверзификација на фармата и развој на бизнисот - поддршка на низа земјоделски и неземјоделски активности преку сектори како што се занаетчиство, развој на рурален туризам, производство на мед, недрвени производи, аквакултура и живинарство

---

Овие две мерки се избрани врз основа на тоа што преку нив жените-земјоделци имаат приоритет во придобивките од инвестициските грантови, со што се добиваат дополнителни поени.



Фото: Freepik

# ЦЕЛ, ОПФАТ И РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

## ЦЕЛ НА РЕВИЗИЈАТА

Целта на ревизијата е да се процени ефективноста и влијанието на политиките, програмите и мерките насочени кон унапредување на вклученоста на жените од руралните средини на пазарот на труд, со фокус на зголемување на нивното учество и идентификување можности за подобрување.

## ПЕРИОД ОПФАТЕН СО РЕВИЗИЈАТА

- 2019 – 2023 година
- Фокус на влијанието на програмите во мерките за инклузија на жените од руралните средини на пазарот на труд.

## РЕВИДИРАНИ СУБЈЕКТИ

- Министерство за земјоделство, шумарство и рурален развој
- Агенцијата за развој на земјоделството, како и
- Агенцијата за вработување

## РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

Овој ревизорски извештај е изработен според пристапот ориентиран на резултати и пристапот ориентиран на проблеми, со цел да се евалуира распределбата на грантови за жените во руралните области

## ПРАВНА РАМКА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

- Закон за родова еднаквост
- Закон за Агенцијата за вработување на Република Косово
- Закон за земјоделство и рурален развој
- Стратегија за земјоделство и рурален развој 2022-2028 година
- Програма за рурален развој 2022 година
- Програма за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година
- Програма за рурален развој 2020-2021 година

## ОПФАТ НА РЕВИЗИЈАТА

- Ниво на имплементација на Програмата за земјоделство и рурален развој, заснована на стратешка и правна рамка, со фокус на две мерки каде жените фармери имаат приоритет во корист.
- Одговорна институција за имплементација на Програмата за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година, вклучително и годишните програми за 2019, 2020-2021, 2022 и 2023 година.
- Следење на постигнувањето на целите, евалуација и известување за Програмата за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година, вклучувајќи ги и годишните програми за 2019, 2020-2021 и 2022 година.



## КЛУЧНИ НАОДИ, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на спроведените ревизорски активности и собраните докази, наодите и заклучоците се следните:

**Тековните мерки за афирмативна акција не се ефективни во однос на поддршката на жените во руралните средини.** Условот од три до пет години сопственик на земјиште или бизнис ги направи афирмативните мерки неефикасни, бидејќи го ограничува учеството или поддршката на жените и девојките кои неодамна ја започнале својата дејност. Бидејќи сопственичките проблеми се значително поизразени кај жените, неспроведувањето на афирмативната мерка го зголемува бројот на одбиени жени. Исто така, критериумите за избор не обезбедуваат учество и рамноправна застапеност на жените во придобивките од грантовите преку програмата за рурален развој. Критериумите за селекција врз основа на пол се имплицирани од други критериуми, кои имаат негативно влијание врз бројот на жените кои имаат корист.

Во графиконите подолу ја претставивме моменталната состојба за двете мерки.

**ГРАФИКОН 3:**

**Број на апликанти и корисници по пол**




За мерката „ Диверзификација на фармата и развој на бизнисот", во текот на 2019 година, 54,4% од корисниците се жени, додека 45,6% мажи. Во 2020/21 година, бројот на жени-кориснички е благо намален, додека бројот на машки корисници е зголемен и достигна соодност од 50:50. Додека пак во 2022 година, бројот на жени-кориснички се намалил и достигнал 44,3%, додека бројот на мажи-корисници се зголемил на 55,7%.

**ГРАФИКОН 4:**

**Соодност на жени апликанти/кориснички**




Високото ниво на жени-апликанти е обратно пропорционално со нивото на корисници, и покрај зголемувањето на бројот на апликанти, нивото на жени-кориснички е намалено за Мерката „Инвестиции во физички средства во земјоделски стопанства".

**Програмите за рурален развој не се навреме изработени и одобрени.** Сите повици за аплицирање за земјоделците и домаќинствата во периодот 2019-2022 година се направени во втората половина на годината, додека огласот за 2023 година е објавен на крајот на оваа година. Доцнењата во изготвувањето и одобрувањето на програмите имаа верижен ефект што резултираше и со други доцнења, како доцнење во објавувањето на повиците за аплицирање, како и во изборот на корисници на грантови.

Утврдени се недостатоци во мониторингот и надзорот на корисниците на грантови. Во извештаите од мониторингот недостасуваат родово-разделени податоци, ротацијата на инспекторите не се врши доследно на соодветен начин, критериумите

за вработените или отворањето на нови работни места не се верификува како што е предвидено во проектот. Недостигот на функционален Комитет за мониторинг од 2014 година и соодветно постапување по извештаите од мониторингот резултираше со недостиг на податоци кои ќе ги одразат постигнатите резултати или нивното влијание врз вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на труд.

**Информациски празнини и комуникациски бариери.** Управниот орган во соработка со Агенцијата за развој на земјоделството ги презема сите неопходни активности за информирање на земјоделците за одржување на информативни сесии за Програмата за рурален развој, но бројот на учесници, особено жените, не е задоволителен.

Недостатокот на родово-специфични информации за апликантите за грант придонесува за бариери во креирањето политики. Неинформирањето на жените во руралните области за можноста да добијат грантови резултира со ниско ниво на вклученост, особено на жените.

| Година | Број на учесници | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| 2019 | 789 | 93 | 696 |
| 2022 | 213 | 27 | 186 |

Од табелата може да се забележи дека на информативните сесии одржани во 2019 и 2022 година, бројот на жени е значително помал во однос на бројот на мажи. Во 2019 година, околу 12% од учесниците биле жени, додека 88% биле мажи. Додека, во 2022 година, околу 13% од учесниците биле жени, а 87% мажи. Ниското учество на жените можеби се случило затоа што информативните сесии се одржуваат само во периодот кога се објавуваат повици, а не се одржуваат редовни средби со целните групи во текот на целата година.

**Агенцијата за вработување нема родово-разделени податоци, по урбани и рурални средини.** Агенцијата за вработување нема јасен преглед на состојбата и потребите на жените од руралните средини. Недостатокот на овие податоци создава нејаснотии за засегнатите групи во однос на препознавање на потребите и планирање на проширување на пазарот во корист на родовата еднаквост, додека пак, неуспехот ефективно да се соопштат информациите, особено во однос на стручната обука за жени фармери, го ограничува нивното вклучување на пазарот на труд.

Погоре наведената состојба укажува дека одговорните јавни институции иако презедоа низа активности за зајакнување на положбата на жената во општеството, сè уште не се постигнати задоволителни резултати за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Програмите за рурален развој и афирмативните мерки не успеаја да обезбедат еднаква поддршка за двата пола и не е направена евалуација на постигнувањето на целите на програмата од родова перспектива. Афирмативните мерки условуваат жените да бидат сопственици на земјиште или бизнис од три до пет години, со што нивната цел станува неефикасна поради ограничување на учеството или поддршката на жените и девојките кои штотуку ја започнале својата дејност. Недостига поголемо активирање во правилното информирање на жените за користењето на нивното право загарантирано со закон. Со оглед на тоа што неоперативниот Комитет за мониторинг предизвика проблеми во процесот на мониторинг на програмите за рурален развој и, како резултат на тоа, тие немаат податоци кои ги рефлектираат постигнатите резултати или нивното влијание врз вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на труд, постигнувањето родова еднаквост и зајакнување на жените.

Агенцијата за вработување не располага со родово-разделени податоци за урбаните и руралните средини за регистрација, услуги за вработување, учество во активни мерки на пазарот на труд и стручно оспособување на евидентираните невработени лица. Конкретно, поради недостатокот на услуги за стручно оспособување на жените-фармери, оваа категорија има потешкотии во нивното вклучување на пазарот на труд.

Спроведувањето на дадените препораки се очекува да го подобри влијанието на политиките, програмите и мерките насочени кон промовирање на вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој како и Агенцијата за развој на земјоделството делумно се согласија со наодите и заклучоците од ревизијата, коментарите се приложени кон извештајот и се обврзаа дека ќе ги адресираат сите дадени препораки. Исто така, Агенцијата за труд се согласи со наодите и заклучоците од ревизијата и се обврза дека ќе ги адресира сите дадени препораки.

Оваа брошура е развиена во рамки на проектите на UN Women „Трансформативно финансирање за родова еднаквост кон потранспарентно, инклузивно и отчетно владеење во Западен Балкан“ финансиран од Шведска, проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2“, финансиран од Швајцарија и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“ финансирана од Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации, или на Шведска и Швајцарија како донатори.